Влада на Република Северна Македонија

- КАНЦЕЛАРИЈА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА -

Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост

# Г О Д И Ш Е Н  И З В Е Ш Т А Ј

за работата на Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост за 2019 година

Скопје, февруари 2020 година

# СОДРЖИНА


1. Вовед ... 3

2. Реализирани активности на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во 2019 година ... 5

2.1 Координација на пилот Стручните тела за функционална проценка ... 5

2.2 Координација на задолжителна инклузија на учениците со лесна интелектуална попреченост во редовните училишта ... 8

2.3 Нов Закон за социјална заштита ... 9

2.4 Нов Закон за основно образование ... 9

2.5 Театарска претстава толкувана на гестовен јазик ... 10

2.6 Промоција на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост на Брајово писмо и во аудио формат за потребите на лицата со оштетен вид ... 11

2.7 Пристапни веб страни ... 11

2.8 Поголема достапност до средства за финансирање на активности на граѓанските организации на лица со попреченост ... 11

2.9 Иницијатива за ратификација на Договорот од Маракеш ... 12

2.10 Набавка на софтвер- синтетизатор на говор со читач на екран за лицата со оштетен вид ... 12

2.11 Нов Предлог -закон за градба ... 13

2.12 Подобар пристап до ортопедски помагала и опрема ... 13

2.13 Учество на конференции, трибини и други јавни настани ... 14

## 1. Вовед

Република Северна Македонија ја потпиша Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост на 30-ти март 2007 година, а Законот за ратификација на Конвенцијата и Факултативниот протокол беше донесен од страна на Собранието на 5-ти декември 2011 година. Истите официјално стапија на сила на 22-ри декември 2011 (Службен Весник на РМ, бр.172/2011 од 14 декември 2011 година).

Во Членот 33 став 1 од Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост е наведено: „државите потписнички, во согласност со нивниот систем на организација, ќе назначат една или повеќе главни точки во рамките на регулирањето на проблематиката поврзана со имплементација на оваа Конвенција, и ќе обрнат должно размислување за воспоставувањето или за назначувањето на механизам за координација во рамките на регулирањето, со цел да се олеснат поврзаните акции во различни сектори и на различни нивоа".

Владата на Република Северна Македонија на својата редовна 64 седница од 17.04.2018 година, донесе Одлука за формирање Национално координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост (Сл. весник бр. 69/2018 од 19.04.2018). Со донесување на оваа Одлука, престана важноста на претходното Национално Координативно тело за имплементација на ООН Конвенцијата за правата на лицата со попреченост формирано во 2012 година („Службен весник на Република Македонија" бр.144/12), поради неговата неактивност.

На 71-ва седница одржана на 05.06.2018 година, Владата на Република Северна Македонија го донесе Решението за назначување на претседавач и членови на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост.

За претседавач на телото е назначен советникот на Претседателот на Владата за образование, социјална и здравствена заштита и институционален систем за лицата со попреченост, г. Спасе Додевски.

Телото е составено од вкупно 15 члена: двајца претставници од Канцеларијата на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, претставници од 11 надлежни министерства: Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за здравство, Министерство за финансии, Министерство за транспорт и врски, Министерство за правда, Министерство за култура, Министерство за информатичко општество и администрација, Министерството за локална самоуправа, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за животна средина, како и претставници од граѓанските организации на лица со попреченост, и тоа претставник од

Националниот Совет на инвалидски организации на Македонија и претставник од родителските организации. Претставниците од министерствата и граѓанските организации се всушност фокални точки во рамките на институциите кои ги претставуваат во телото и се одговорни за ефективно и ефикасно извршување на работните надлежности на Координативното тело. Понатаму, ги пренесуваат насоките донесени на седниците на Координативно тело во структурите на министерствата/ организациите, го координираат спроведувањето на активностите и го известуваат телото за планираните и преземените активности.

Во тек е процедура за измена и дополнување на Решението за назначување на претседавач и членови на Националното координативно тело, со која промена ќе се изземат членовите од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за животна средина, а ќе се назначат нови членови од Министерството за надворешни работи Секретаријатот за европски прашања.

Согласно Деловникот за работа на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, истото претставува национален механизам за координација на мерките и активностите определени со Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост. Освен неговата основна улога за координација на институциите во процесот на спроведувањето на мерките од Конвенцијата на ООН, предлага и доставува мислења за законски и подзаконски акти во склад со нејзините начела. Со својот делокруг на делување, телото директно придонесува за унапредување на човековите права и основни слободи на лицата со попреченост.

## 2. Реализирани активности на Националното Координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост во 2019 година

Национално координативно тело во 2019 година главен фокус стави на реализација на активностите предвидени во Акциските планови по однос на препораките од Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост. Во тој процес, активно соработуваше со сите заинтересирани страни: владините институции, организациите на лицата со попреченост, меѓународните организации во нашата земја, со цел успешна имплементација на мерките од Конвенцијата на ОН.

Паралелно, Национално координативно тело реализираше и дополнителни активности во делот на законската регулатива со доставување на мислење за законски и подзаконски акти во склад со начелата на Конвенцијата, како и иницирање на акции за зајакнување на правата на лицата со попреченост.

### 2.1 Координација на пилот Стручните тела за функционална проценка

Националното координативно тело од април 2019 година го координира пилотирањето на Стручните тела за проценка на децата со попреченост за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка според Меѓународната класификација на функционалности (Информација на Влада во врска со пилотирање нов модел за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, базиран на Меѓународната класификација на функционирање, 132 седница на Влада, одржана на 30 април 2019).

Потребата од развивање и имплементирање на нов пристап во проценка на децата со попреченост потекнува од фактот што во нашата земја се уште се користи застарен модел на проценка. Моделот се заснова на медицинска пристап на она што му недостасува на детето, а не се прави анализа на потенцијалот на детето и што може да го постигне, но и кои се пречките во средината кои му оневозможуваат да го постигне својот целосен потенцијал

Постоечките Комисиите работат врз основа на Правилникот за оцена на специфичните потреби на лицата со попреченост од 2016 година. Во Република Северна Македонија, само во два градови (Скопје и Битола) се вршат проценки на децата/ лицата со пречки во психичкиот развој и децата со аутизам. Ова претставува дополнително оптоварување на родителите и нивните деца, кои од целата држава доаѓаат на процена само во овие два града.

Во 2012 година, УНИЦЕФ направи истражување со помош на меѓународен експерт, кој изврши процена на системот на „категоризација“. Извештајот, меѓу другото посочи дека:

- Родителите ја опишуваат оваа проценката како неадекватна и честопати болна постапка низ која тие треба да поминат. Категоризацијата се смета за процес на етикетирање кој дискриминира, па затоа родителите ја избегнуваат.
- Работата на Комисиите не е стандардизирана. Не постојат посебни процедури или тестови за проценка кои би се примениле за да се соберат информации или да се измери потенцијалот на детето.
- Резултатот од работата на Комисијата -издавање на наод и мислење, е оценет од родителите, но и од училиштата како нефункционален. Понекогаш единствената информација во наодот и мислењето е дека детето е во состојба да тргне на училиште или ја има само медицинската дијагноза. Училиштата и градинките не се во можност да постапат по овие информации.
- Потребно е усогласување на дефинициите за попреченоста со европското законодавство кое е засновано на Меѓународната класификација на функционирање, попреченост и здравје- МКФ (International Classification of Functioning, Disability and Health - ICF).

Поради ова, експертот предложи нов концепт за проценка по што беше формирана работна група од домашни експерти кои со поддршка од УНИЦЕФ изготвија нов предлог модел за проценка.
За потребата од менување на досегашниот начин на „категоризација“ кој претставува медицински пристап кон гледање на попреченоста, посочи и Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост во неговиот извештај од 2018 година, каде меѓу другото, изрази загриженост за употреба на различни проценки за попреченост и дефиниции во правната рамка на државата - членка, кои не се во согласност со пристапот кон попреченоста базиран на човековите права. Истовремено, ни даде и препораки во насока да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права, како и елиминирање на многубројните проценки, со цел да се намали товарот на корисниците.
За таа цел, во Република Северна Македонија во периодот од 01.04.2019 година до 31.03.2020 година се спроведува пилотирање на новиот модел на проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и младинци со попреченост. Моделот е базиран на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ), како светски стандард за класификација, одобрена од страна на Светската Здравствена Организација во 2001 година.
Во рамките на овој процес се формираа две регионални стручни тела во Скопје и едно Национално стручно тело за процена кое ги координира двете регионални, а понатаму и

другите регионални тела во државата, вкупно девет (9) во цела држава. Канцеларијата на УНИЦЕФ во Република Северна Македонија е главен партнер, кој ја обезбедува и поддршката на стручните тела преку ангажирање на меѓународен експерт за МКФ. Министерството за труд и социјална политика одобри користење простории во поранешниот Дом за деца без родители „11 Октомври", каде се сместени Националното тело за функционална проценка и Регионалнотот тело за проценка и поддршка на деца и млади- Скопје 1. Во просториите во Заводот за рехабилитација на деца и млади во населба Топанско Поле е сместено Регионалното тело Скопје 2. Просториите беа реновирани и опремени со финансиска поддршка од канцеларијата на УНИЦЕФ - Скопје. Истовремено, Министерството за здравство и Министерството за труд и социјална политика дадоа согласност за отстапување на вработени лица од здравствени и социјални установи за потребите на стручните тела за проценка, во периодот на пилотирање од една година, а канцеларијата на УНИЦЕФ обезбеди личен доход за три технички секретари и хонорар за четири лекари кои се повремено ангажирани во стручните тела за проценка.
Во овој период беа направени вкупно 356 функционални проценки на деца и младинци од кои 152 проценки во Центрите за функционална проценка, 10 проценки во домашни услови и 194 проценки во училиштата. Во проценката задолжително учествуваат родителите/старателите на детето и тие се повремени членови во стручните тела за проценка. Генерално сите родители изразија задоволство од новиот начин на проценка, најмногу поради тоа што проценката се одвива во природни услови, додека детето игра или учи и поради тоа што тие имаат можност заедно со членовите на стручното тело да ги дефинираат потребите за подршка на нивното дете со цел полесно вклучување во секојдневните животни активности.
Од досега обработените случаи, на 66 деца им е препорачано образование со поддршка од образовна асистенција (38,15 %), а на седум деца со лична асистенција (4,04%). За овие деца е предвидена реевалуација во период од 3 – 12 месеци.
Со оглед на фактот, што периодот на пилотрирање истекува, во тек се интензивни координации за спроведување на законско решение за институционализација на пилот стручните тела. Како најсоодветна форма за целосна имплементација на новиот модел на проценка, се предлага да се формира нова Служба за функционална проценка на деца и млади со попреченост при ЈЗУ „Здравствен Дом" Скопје, во чиј состав ќе влезат стручните тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади со попреченост. Во новата Служба за функционална проценка ќе егзистира Националното стручно тело, кое ќе ги координира останатите 9 (девет) регионални стручни тела, тоа: во Скопје 2 (две), Битола, Гостивар, Штип, Струмица, Охрид, Велес и Куманово, со цел стручните тела ќе бидат поблиску до местото на живеење на самите корисници. Работата на сите стручни тела ќе биде стандардизирана, односно сите ќе вршат функционална процена во согласност со новиот модел кој се предлага, за што ќе се донесе нов Правилник за дополнителна образовна,

здравствена и социјална поддршка на дете и младинец, согласно Меѓународната класификација на функционирање (МКФ). Истиот ќе биде донесен од страна на Министерството за труд и социјална политика и потпишан од страна на сите три министри: образование и наука, здравство и труд и социјална политика.

Во секое стручно тело ќе има мултидисциплинарен тим, составен од три (3) постојани стручни членови: специјален едукатор и рехабилитатор, психолог, социјален работник и едно техничко лице. Поголем дел од нив ќе се преземат од други здравствени или социјални институции/установи, бидејќи се потребни професионалци со искуство во работа со деца со попреченост. Лекари специјалисти како повремени членови на стручните тела ќе бидат ангажирани со договор за консултантски услуги, како надворешни соработници.

Со оглед на фактот што во 2019 година се донесе нов Закон за основно образование во кој е предвидено овие стручни тела да даваат препораки за потребната поддршка, услуги и сервиси на учениците со попреченост во областите на образование, здравство и социјална заштита, неопходно е во најбрзо време да се институционализираат пилот стручните тела во соодветната форма.

## 2.2 Координација на задолжителна инклузија на учениците со лесна интелектуална попреченост во редовните училишта

Националното координативно тело го координираше процесот на задолжителна инклузија на учениците со лесна интелектуална попреченост во редовните училишта, а кои до тогаш беа во посебните училишта, согласно Заклучокот на 114 седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 08.01.2019. За таа цел, се формираше работна група со номинирани претставници од министерството за здравство, министерството за образование и наука, министерството за труд и социјална политика и Бирото за развој на образованието.

Сите деца од прво до петто одделение од посебните основни училишта и посебните паралелки во редовните училишта во Република Северна Македонија беа опфатени, за да се утврди нивната функционалност и потреба од дополнителни услуги за вклучување во редовните училишта. Проценката ја правеа новите пилот стручни тела за проценка на дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка, базирана на Меѓународната класификација на функционалности (МКФ). Во овој период од страна на трите стручни тела за проценка беа посетени осум посебни основни училишта во осум градови низ државата каде учат деца со попреченост и беа извршени вкупно 194 функционални проценки на сите деца од прво до петто одделение. Препорака за продолжување на образованието во редовно основно училиште добија 64 деца или 33% од вкупниот број, од кои 17 со образовна асистенција, а четири деца со лична асистенција. Од нив, 12 ученици го продолжија своето образование во

редовни училишта. За сите деца кои поминале низ процена, задолжителна е реевалуација на проценката на шест месеци.
Истовремено, Националното тело за функционална проценка изработи нацрт верзија на нов Правилник за функционална проценка и потреба од дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на дете или младинец и истиот го достави до одговорните лица од министерствата за труд и социјална политика, образование и здравство.

## 2.3 Нов Закон за социјална заштита

Во мај 2019 година Министерството за труд и социјална политика донесе нов Закон за социјална заштита, со кој се унапредуваат правата за лицата со попреченост. Истиот, предвидува зголемување на обемот на сервиси во локалната заедница, кои овозможуваат независен и поквалитетен живот на лицата со попреченост и нивно поголемо социјално вклучување, согласно мерките од Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост. Со новиот Закон, кој е дел од социјалната реформа, се воведуваат две целосно нови услуги за - Лична асистенција и услугата Домашна нега. Правото за попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост, додека додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува до 50% од просечна нето плата. Како поддршка на биолошките семејства кои имаат деца со попреченост, се зголемува износот на утврдената висина на правото на посебен додаток за 15%. Воедно се воведува и таканаречениот траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26 годишна возраст без да го смести во институција, кој е невработен и не користи право на пензија, по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж. Исто така, се развива и услугата за замена на семејна грижа која ќе обезбедува краткотрајно згрижување на зависни членови од семејството заради одмор, лични и професионални потреби на членови на семејството кои се грижат за нив.
Исто така, законот вклучува соодветна клаузула за антидискриминација, со што се реализира препораката од Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост во однос на тоа законот да ја вклучи попреченоста во клаузулата за антидискриминација.

## 2.4 Нов Закон за основно образование

Националното координативно тело активно беше вклучено во работната група при Министерството за образование и наука во изработката на нов инклузивен закон за основно образование (јули 2019 година). Новиот закон е усогласен со принципите на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, особено со член 24 Право на инклузивно

образование. Главните новини се однесуваат на тоа дека образованието е организирано на начин што поддржува вклучување на сите деца во редовните училишта и промовира еднаквост, пристапност и пристапност. Исто така, законот ја наведува попреченоста како основа за дискриминација, како и одбивањето на разумно прилагодување. Покрај тоа, законот предвидува изработка на Концепција за инклузивно образование, кој ќе ги елаборира сите практични аспекти за спроведување на законските одредби. Како поддршка на учењето за ученици со попреченост, основните училишта ќе обезбедуваат: образовен асистент, личен асистент, поддршка од Центарот за поддршка на учење (претходните посебни паралелки во рамките на редовните училишта), инклузивен тим и асистивна технологија, согласно проценката и препораките од страна на стручните тела за процена според Меѓународната Класификација на функционалност и во согласност со индивидуалниот образовен план.

Националното координативно тело учествувајќи во целиот процес на носење на Законот, осигура дека новите одредби во себе ги содржат препораките на Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост:

- да се ревидира Законот за основно образование - јасно да промовира инклузивно образование и вклучување на попреченоста како основ за дискриминација, да се забрани одбивање на разумно прилагодување како форма на дискриминација по основ на попреченост;
- експлицитно и веднаш да се спроведе забраната за исклучување на учениците со попреченост од редовните училишта врз основа на нивните оштетувања;
- да обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата.

## 2.5 Театарска претстава толкувана на гестовен јазик

На иницијатива на Националното координативно тело, на 28 февруари 2019 година, на редовниот репертоар на театарот „Комедија“, се прикажа претставата „Мечка“ која беше толкувана на знаковен јазик од страна на професионални преведувачи. За прв пат во нашата земја една театарска претстава беше достапна и за глувите лица кои непречено можеа да уживаат во придобивките на културните манифестации. Со овој чекор, Владата на Република Северна Македонија и Министерството за култура го признаваат и поддржуваат правото на овие лица на пристап до места за културни изведби, како што е наведено во Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост.

## 2.6 Промоција на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост на Брајово писмо и во аудио формат за потребите на лицата со оштетен вид

Во јуни 2019 година, Националното координативно тело во соработка со Здружението на слепи лица од Велес ја промовираше Конвенцијата на ОН на Брајово писмо и во аудио формат за потребите на лицата со оштетен вид. За прв пат во нашата држава, Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост е достапна на Брајово писмо за лицата со оштетен вид. Со овој чекор, се почитува правото на пристапност до информации во пристапен формат, назначено во членот 9 - Пристапност и членот 21 – Слобода на изразување и мислење и пристап до информации од истата Конвенција.

## 2.7 Пристапни веб страни

Националното координативно тело иницираше постапка за имплементација на стандардите за веб пристапност (Web Content Accessibility Guidelines) на страните на Владата, министерствата и останатите владини институциите, согласно Конвенцијата на Обединетите Нации за правата на лицата со попреченост. За оваа цел е усвоена информација на 130-та седница на Владата од 16.04.2019 година за формирање работна група за изработка на модел за Единствено веб решение за унификација на веб- страните на Владата, министерствата и институциите. Во првата половина на 2020 година, се очекува унификација на сите веб страни на владините институции.

## 2.8 Поголема достапност до средства за финансирање на активности на граѓанските организации на лица со попреченост

Националното координативно тело иницираше дополнување на Одлуката за критериумите и постапката за распределба на средства за финансирање на програмските активности на здруженија на граѓани и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/09). Со оваа промена се даде можност во делот на проценка на квалитет и исполнување на критериумите да се дополни постоечкото вреднување на предложените проекти со дополнителни 3 (три) бодови доколку се однесуваат на промоција на еднакви можности и инклузија на лицата со попреченост. По овој пример постапува и Министерството за култура.

## 2.9 Иницијатива за ратификација на Договорот од Маракеш

Националното координативно тело, во текот на втората половина од 2019 година започна со иницијатива за ратификација на Договорот од Маракеш, кој има за цел да го зголеми пристапот до книги, списанија и други печатени материјали за слепи лица и други лица кои имаат пречки во користење на печатени материјали. Во основата на Договорот, стои дека секоја земја што го усвојува треба да направи ограничувања или исклучоци од Законот за авторски права. Овие ограничувања и исклучоци значат дека голем број на интелектуални дела се дозволени за крајните корисници (слепите лица), без да се повредува авторското право.

Министерството за култура ги подготви одредбите за измени и дополнувања на Законот за авторското право и сродните права во насока на спроведување на Договорот од Маракеш.

Во организација на Националното координативно тело и Министерството за култура, на 28 ноември 2019, во Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски" – Скопје, се одржа јавна расправа за Договорот од Маракеш и измените во Законот за авторското право и сродните права. На настанот на кој беа присутни претставници од издавачките куќи, од Здружението за заштита на авторски музички права, од библиотеките, како и слепи лица и членови на Националниот сојуз на слепи лица, се обратија г.Спасе Додевски, претседавач со Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, г. Валмир Азири, државен секретар во министерството за култура, г. Фризим Даути, директор на НУБ "Св. Климент Охридски"- Скопје, г. Афет Јашари, од министерството за култура и г. Стерја Димов, генерален секретар во Националниот сојуз на слепи лица.

Во периодот кој следи, ќе следуваат дополнителни консултации помеѓу сите засегнати страни се до моментот на усогласување и подготовка на Закон за ратификација на Договорот.

## 2.10 Набавка на софтвер- синтетизатор на говор со читач на екран за лицата со оштетен вид

На иницијатива на Националното координативно тело, Владата на Република Северна Македонија со сопствени средства ќе набави софтвер –синтетизатор на говор и читач на екран на македонски јазик, со помош на кој слепите лица ќе можат да ги користат придобивките од асистивната технологија во сите сегменти од нивното живеење. Софтверот, всушност ќе биде алатка во рацете на слепите, со помош на која непречено ќе можат да го користат компјутерот за читање, пребарување на информации и воопшто за нивна непречена едукација и вработување.

Најкомплексната компонента на софтверот ќе биде системот за синтеза на говор на македонски јазик, кој ќе биде направен со употреба на врвните светски технологии, со посебен фокус на потребите на неговите корисници и тоа:

- квалитет и разбирливост на синтетизиран говор, близок до човечкиот,
- брзина и ергономичност на негова редовна секојдневна употреба од страна на слепи и слабовидни лица,
- употребливост за автоматско генерирање на аудио книги.

Развојот, изработката, обуката и дистрибуцијата на читачот на екран се планира да се заврши за 12 месеци. Подготовката на тендерската документација е во финална фаза и истиот ќе биде објавен на страната на Бирото за јавни набавки до крајот на јануари 2020 година.

## 2.11 Нов Предлог -закон за градба

Министерството за транспорт и врски во мај 2019 година до сите заинтересирани засегнати страни, вклучително и организациите на лицата со попреченост, го достави новиот Предлог-законот за градба. Во истиот, ќе бидат вградени принципите и основните постулати на Конвенцијата на ОН за правата на лицата со попреченост како основни начела врз кои ќе се темели новото законско решение, како и засилување на инспекцискиот надзор. Предлог-законот сѐ уште е на јавна расправа, а организациите на лицата со попреченост имаат можност да ги испратат своите коментари во однос на зголемување и подобрување на физичката пристапност.

## 2.12 Подобар пристап до ортопедски помагала и опрема

Во новиот буџет за 2020 година, се предвидува поголема сума на средства (36.000.000ден) за обезбедување ортопедски помагала и опрема за лицата со попреченост, кои досега не беа предвидени во буџетот на Фондот за здравствено осигурување.Измените се однесуваат на: лесни и активни инвалидски колички,лајнери за натколена и потколени протези, хидрофилен катетер, ортопедски чевли за скратување од 6-10см и антидекубитално перниче полнето со воздух или гел. Сите овие ортопедски помагала се одобрени врз основа на барање Здруженијата на телесно инвалидизирани лица.

## 2.13 Учество на конференции, трибини и други јавни настани

Членови од Националното координативно тело во текот на 2019 година, учествуваа на повеќе јавни настани, на кои ги промовираа мерките од Конвенцијата на ОН, како и активностите кои ги презема телото во насока на нејзина имплементација:

- Член од НКТ беше дел од владината делегација која го презентираше Третиот извештај на Република Северна Македонија по Универзалниот периодичен преглед (УПП) на Советот на човекови права, која се одржа на 24 јануари 2019 година во Женева, за време на 32-та сесија на Работната група на УПП;
- Учество во панел дискусија на еднодневната конференција „Учество на лицата со попреченост во изборниот процес“, во организација на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, февруари 2019;
- Работна средба со сите членови на Државната изборна комисија, на која се разговараше за подобрување на пристапноста на изборниот процес за лицата со попреченост;
- Учество на работилница за зајакнување на Експертската работна група при Меѓуресорското тело за човекови права во Министерството за надворешни работи. На истата се дискутираше за вештини за следење и менаџирање на информации за спроведување на договорни одредби и препораки од механизмите за човекови права, како и Агендата 2030 и консултација со надлежните институции во однос на истиот. Работилницата беше во организација на Канцеларијата на Резидентен координатор на ОН и Министерството за надворешни работи, како носител на Меѓуресорското тело за човекови права и неговата експертска група. Крушево, 15.04-17.04. 2019 година;
- Учество со презентација „Заштита од дискриминација врз основа на попреченост“ на Конференцијата „Размена на добри практики за антидискриминација - работа на австриската инфраструктура за еднаквост и Комисијата за заштита од дискриминација“, во организација на Комисијата за заштита од дискриминација, заедно со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, мај 2019;
- Учество со пленарно излагање „Промена на парадигмата: од милосрдие и грижа кон национални политики базирани на човекови права“ на Меѓународна научно- стручна конференција „70 години -организирана едукација, рехабилитација и вработување на лица со попреченост во Република Македонија во Битола од 16 до 18 мај 2019 година, организирана од Сојузот на специјални едукатори и рехабилитатори;
- Учество на Форумот на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост „Новите предизвици и перспективи во обезбедувањето на социјални сервисни служби за лица со попреченост“, јуни 2019, во организација на Републичкиот Центар за

поддршка на лица со интелектуална попреченост „Порака“ и European association of service providers for persons with disabilities  (Европска асоцијација на сервисни служби за лица со попреченост);

- Презентација на препораките од Комитетот на ОН за правата на лицата со попреченост во однос на унапредување на инклузијата во високото образование, во Ректоратот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј пред сите Декани на факултетите во Скопје;
- Учество на тркалезна маса организирана од страна на Националниот сојуз на слепи по повод Меѓународниот ден на белиот стап 15 октомври;
- Регионална конференција во Скопје „Ефективна социјална заштита: поддршка на деца, семејства и заедници во борбата против сиромаштијата“, организирана од Министерството за труд и социјална политика во соработка со Светска банка и Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, октомври 2019.